Петнаесет учесници од девет ромски организации на 15 и 16 март оваа година во МЦМС, учествуваа на работилница за подготовка на предлог проекти кои потоа беа поднесени до Одделението за соработка со невладини организации при Генералниот секретаријат на Владата на Република Македонија.



„Работилницата беше од големо значење за нашата организација“, рече Самедин Кананоски од Баирска Светлина од Битола, „се надевам дека и во иднина, ќе имаме можност повторно да добиеме слични услуги за подготовка на проекти“, додаде тој.

На работилницата, проектните идеи на организациите беа развиени во предлог проект, а им беа дадени и инструкции за комплетирање на целокупната документација потребна за аплицирање. Учесниците подготвија вкупно девет предлог проекти.

